МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 5 Година X

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, донесена на триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2609/1**
**Датум: 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во согласност со Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ 29/02, 66/04, 81/08, 18/11 и 51/11), Советот на Општина Карпош, на триесет и втората седница, одржана на 30 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, бр. **08-2033/12 од 12.03.2015 година, се менува членот 1, став 1, така што се менува називот Друштво за спортски дејности КК Карпош АД Скопје и во иднина да гласи Друштво за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, во член 1, став 2 - во делот на основачи се менува и брише називот на основачот Кошаркарскиот Клуб КАРПОШ- СОКОЛИ Скопје, а се запишува како нов основач ОГНЕН ДЕДИЌ од Скопје со ЕМБГ 2708966450169, како член на Кошаркарскиот клуб КАРПОШ СОКОЛИ 2000 Скопје.**

**По дополнувањето и измената, членот 1, став 1 и став 2 гласи:**
**„Како основачи на Друштво за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ – СОКОЛИ 2000 АД Скопје ќе бидат Општина Карпош Скопје како единица на локална самоуправа со ЕМБС 6019145 и ОГНЕН ДЕДИЌ од Скопје со ЕМБГ 2708966450169, како член на Кошаркарскиот Клуб КАРПОШ- СОКОЛИ 2000 Скопје.“**

**Член 2**

**Во член 3, став 1 од предметната одлука по зборот основачите се бришат зборовите Кошаркарскиот Клуб КАРПОШ -СОКОЛИ 2000 Скопје и се додаваат зборовите ОГНЕН ДЕДИЌ од Скопје со 80%.**

**Во членот 3, став 3, точка 1, зборовите Кошаркарскиот Клуб КАРПОШ - СОКОЛИ Скопје се бришат и се заменуваат со зборовите ОГНЕН ДЕДИЌ од Скопје.**

**По дополнувањето и изменувањето, членот 3 гласи:**

Акционерското друштво ќе се основа во согласност со член 293 од Законот за трговски друштва, односно по пат на симултано основање, со основна главнина во номинален износ од 25.000 евра, која ќе биде улатена од страна на основачите Огнен Дедиќ од Скопје со 80% и Општина Карпош со 20% од потребниот номинален износ на основање на АД.

Средствата за учество на Општина КАРПОШ Скопје се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош.

1. ОГНЕН ДЕДИЌ од Скопје ќе учествува во основачката главнина на Друштвото со 20.000 евра, во денарска противвредност
2. Општина КАРПОШ Скопје ќе учествува во основачката главнина на Друштвото со 5.000 евра, во денарска противвредност.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-2607/2**
**Датум: 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

СОДРЖИНА

1. **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, со Решение за објава**

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**